утрински Весник
Број 1292 понеделник, 16 октомври 2006

НАСЛОВНА
МАКЕДОНИЈА
НА ПРВО МЕСТО
ДНЕВНИК
ХРОНИКА
ЕКОНОМИЈА
КОМЕНТАРИ
ЦИТАТИ
ПИСМА
МИСЛЕЊА
КУЛТУРА
СВЕТ
СКОПЈЕ
ЖИВОТ
ШАРЕНА СТРАНИЦА
СПОРТ
МАЛИ ОГЛАСИ
НЕКРОЛОГ
ХОРОСКОП
ВРЕМЕ
ПЕРИСКОП
ШТО ПРАВАТ ДЕНЕСКА
МАГАЗИН

Архива
Најнов број
Контакт
Редакција
Маркетинг
Претплата
Archive
Latest Edition
Contact
Editorial
Advertise
Subscription

Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder

пребарај

24 часа on line
Telekabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
инфо телефон: 02/ 3217 612 СОНЧЕВ ЗРАК
АЛКАЛОИД а.д.
Сите резултати укажуваат на еден единствен веб-сајт. www.setimes.com
граѓански СВЕТ
Antenna 5.FM



### Мирна Арсовска, ликовна уметница

# Интерпункциите ја имаат силата да ја поништат глупоста

Катерина Богоева



Ликовната уметница Мирна Арсовска на крајот на септември, во Музејот на град Скопје ја имаше својата втора самостојна изложба. На плакатот и во впечатливиот каталог што самата го дизанираше и изработи, забележа "....цвеќиња од мастило, со запирки-полен...." Барајќи ги зборовите, ја открив громогласната немост на интерпункциите. Тие ја имаат силата да ја поништат "глупоста" на печатот. ...... молчењето е совршена артикулација..."

Во разговорот направен по затворањето на изложбата и пренесувањето на "големите печати" во ателјето на Арсовска, таа говори за нив и за својот однос кон ангажираниот концепт на уметничкото творење, со нагласка дека "уметничкото ангажирано нема врска со стварноста".

Понудивте впечатлив поглед врз "печатите". Ги поставивте високо но и централно во музејскиот простор, користејќи ги како носители на нови пораки, втиснувачи на интерпунциски знаци. Колку нивната конечност и просторна ограниченост беше податлива да го сместите вашиот "печат" во кој секој од навидум малите знаци, е голема порака?

Поставката се состои од три мали (помалку зголемени во однос на печатите од секојдневието) и еден голем печат, централно поставени во музејскиот простор. Помалите го носат печатот на интерпункциските знаци, - запирка, наводници, три точки; значи оние знаци коишто во секојдневието на говорот и писмото служат "обично" како стандардни општости на состојбите "помеѓу", и "пред и по нешто". Кај "малите" печати, таквиот печат е очигледен во самата поставка, додека кај "големиот" печат разоткриеноста или ако сакате очигледноста го "крие" својот знак. Тука имаме избор на гледачот, односно, понудена е "можност" за едно ново, поинакво, лично, размислување, при што присуството на барокната клупа чија перница е натопена во мастило, може да помогне или да сугерира во таквото читање на невидливиот знак. Што се однесува до вашето прашање за тоа дали нивната просторна конечност и ограниченост е податлива за моето ликовно решавање на овие знаци, сакам да кажам дека токму таквата апсолутна "конкретна немост и формалност" ја предизвика мојата авторска желба за нивно "до крај" ликовно исцрпување и објективизирање.

Зошто токму на крутите печати им понудивте лирика, која пак успешно ја вклопивте во сокриениот, но најзначаен дел?

Лирската втиснатост која јас ја претпоставувам во таквите ликовни интерпункции е возможна, благодарение на нивната ослободеност од својата "природна контекстуалност" и од својата "граматичка функција" како што забележа Буѓевац во предговорот на каталогот. Лирската функција ја поништува функцијата на официјалните печати. Тоа е момент на интимност. Дисфункционалноста ги испразнува и ги исполнува истовремено, и им дава нова присутност. Со тоа се доаѓа до поништување на значението, онакво какво го практикуваме, а чувствата стануваат единствено стварни и верни на таквата молчалива артикулација.

Ова е ваше четврто самостојно претставување пред скопската публика по подолга временска пауза. Предметите повторно откриваат сегменти од животот, фрагменти од постоење, навидум невидливи, незначајни, но присутни со нова димензија.... Од каде тргна и како се оформуваше приказната за рушењето на нивните граници?

Изборот на објектот е печатот. Одговорот на прашањето "зошто печат" е дециден: "А

зошто не". Можеби звучи иронично, но верувајте не е, а можеби е. Во секој случај, се обидувам да бидам децидна. Предметот не е "битен", колку што е самиот избор, односно, изборот е уметничка одлука. Тоа е доволно. Уметничкото дело не постои за да биде едноставно разбрано. Предметот не ја води приказната, туку авторот. Секако, ова не значи хиерархиски однос на "аурата" на авторот кон гледачот, негово линеарно возење. Тоа е само еден гест, да го наречеме авторски гест, којшто врши преместување на објект од една вонуметничка природа во ако сакате, "критичкиот" свет на уметноста. Инаку, мојот однос кон агажираниот концепт на уметничкото творење е дека "уметничкото ангажирано нема врска со стварноста".

Имавте ли практични ограничувања во намерата да ги изработите експонатите, ослободувајќи ги од вообичаената симболика?

Во процесот на изработката, дојдов до една апсурдна ситуација која ми ја понудија објектите со нивната предметна вредност и вековна симболичност. Како што и горе претходно споменав, токму таквиот "момент на препознавање" беше за мене најбитен како уметничка одлука. Печатот како официјален идентитет со својата прекумерна употреблива одговорност, со својата овдешна вулгарна и цинична трошливост, и мошне често негативна последичност по луѓето, создава убава можност за креирање на состојбата "негирајќи се себе си во недоглед".

Клод Моне со години ги градел своите локви, посветувајќи им едно големо градинарско внимание. Но се додека не ги отсликал како мошне важни "ликовни небитности", тие самите по себе не значат ништо како такви.

Колку просторот на Музејот на град Скопје ги задоволи вашите очекувања и дали планирате изложбата да биде поставена и на други места?

Поставката не е третирана како инсталација во простор, ниту сум претпоставувала такви просторни решенија. Едноставно, изборот на една од "најчистите" сали за изложување кај нас, само ми овозможи една чиста ситуација и посветеност на концептот, на приказната.

Како таква, изложбата е спремна за понатамошно "живеење". Во моментов сум во преговори со неколку галерии тука и надвор. Се надевам дека нешто ќе произлезе од сето ова, но ќе видиме. За мене, сепак е најважно да продолжам со одредени мои ликовни испитувања со коишто сум опседната изминативе неколку години, а заради кои немав ниту потреба да изложувам.

Вашите бројни досегашни дванаесетгодишни преставувања во јавноста, најчесто се дел од заеднички групни проекти и изложби во Македонија и странство. На што се базира нивната успешност: на идејата и силата на кураторот да го донесе проектот до крај, на моќта за комуникација меѓу авторите, на професионализмот, на умешноста на авторите за конципирање на заедничката поставка....?

Успешноста пред се, произлегува од препознавањето на сцената, т.н. "не-сцена" од страна на кураторите, од самите уметници и публиката. Најмногу беше прифатена "македонската ликовна сцена на авторки", без разлика што повеќето од нив, вклучувајќи се и себе си, не ја третираа "особеноста" на женското писмо како можен ликовен проблем.

Годинава функционирате како една од малкуте самостојни уметници во државава. Задоволна ли сте од статусот кој го имате, какви се предностите, а кои се недостатоците ?

Задоволна сум од статусот, пред се, бидејќи ми е одобрен, со што ми се потврдува мојата определба за Афирмацијата. Се уште, ги истражувам можностите за користење на формата "слободен уметник" во однос на мојата иднина. Ја поддржувам тенденцијата за зголемување на бројот на самостојните уметници кај нас, при што ги имам во обзир ситуациите во соседните, слични на нас земји. Единствена замерка ми се бирократските тешкотии коишто се случуваат при дел од административните процедури. Постои некоординираност меѓу различните ресори во државата по прашањето на правната форма Т.П. (трговец поединец).

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани